Виктор Иванчиќ

# РАБОТНИЦИ И СЕЛАНИ

ЕСЕИ

Културна установа Блесок

ЕДИЦИЈА ИНДРА

2016

Copyright © за македонското издание: Културна установа „Блесок“, 2015

Сите права се задржани

Наслов на оригиналот:
Viktor Ivančić, “Radnici i seljaci”, eseji;
copyright by Viktor Ivančić

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран на кој било начин
без претходна писмена согласност на издавачот.

Издавањето на ова дело беше поддржано од ТРАДУКИ, литературна мрежа на која припаѓаат Сојузното министерство за Европа, интеграции и надворешни работи на Република Австрија, Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија, швајцарската фондација за култура ПроХелвеција, КултурКонтакт Австрија, Гете Институтот, Агенцијата за книги на Словенија ЈАК, Министерството за култура на Република Хрватска, Ресорот за култура на владата на кнежеството Лихтенштајн, фондацијата за култура на Лихтенштајн, Министерството за култура на Албанија, Министерството за култура и информирање на Република Србија, Министерството за култура на Република Романија и фондацијата С. Фишер.

traduki

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.42-4

ИВАНЧИЌ, Виктор
Работници и селани : есеи / Виктор Иванчић ; превод од хрватски јазик Јелена Лужина. - Скопје : Блесок, 2016. - 311 стр. : слика ; 21 см. - (Едиција Индра)

Превод на делото: Radnici i seljaci : eseji / Viktor Ivančić. -
Слика и белешка за авторот: стр. 309

ISBN 978-9989-59-641-4
I. Ivančić, Viktor види Иванчиќ, Виктор

COBISS.MK-ID 100555018

ВИКТОР ИВАНЧИЌ

# РАБОТНИЦИ И СЕЛАНИ
ЕСЕИ

Превод од хрватски јазик:
**Јелена Лужина**

Културна установа
Б Л Е С О К
2016

Содржина


| | |
|---|---|
| The Ghost Reader | 7 |
| Лауфер (Lora Pro Nobis / Лора Про Нобис, 1) | 35 |
| Павилјон | 47 |
| Отфрлениот Товар (Lora Pro Nobis / Лора Про Нобис, 2) | 105 |
| Аукција | 125 |
| History Channel (Lora Pro Nobis / Лора Про Нобис, 3) | 163 |
| Оставинска расправа | 205 |
| Оригинали и крвотворби | 227 |
| Белешка за авторот | 309 |

# THE GHOST READER

*За убедливо да се каже „јас сведочам“, по сè изгледа дека самото „јас“, најпрвин, треба да стане убедливо.*
Клифорд Гирц

Намерен сум овде да ја кажувам вистината и само вистината, впрочем, зарем би можел поинаку со сите тие штипки и жички врз прстите од десната рака, закачен на детекторот за лаги, макар што овој и не е полиграф од тие што ги гледав во филмовите од поблиското минато, туку врзоп од тенки зелени и црни кои од моиве прсти водат кон лаптопот, така што и самиот јас сум некој вид продолжение на таа поливалентна машина, апаратот има увид во состојбата на моиве внатрешни органи и треперења, ги следи промените и вибрациите во моите нерви, кои, доколку себеси се гледам како подвижна биолошка машина, и самите можеби станале врзоп од зелени и црвени жички, макар што седам неподвижен и мошне радо со ракавот би си ја забришал предавничката пот од челото, госпоѓата со раскошниот слој пудра врз лицето е задлабочена во екранот од лаптопот, би

можело да се рече оти тежи стотина килограми или малку повеќе, таа со мене не комуницира туку, ајде да речеме, ме има предвид, ги регистрира состојбите во мојот жичен систем, таа е статична и полничка како филодендрон насаден во голема саксија, кога би се наоѓал во поинакви околности би го прашал типот од мојата лева страна дали сабајлево ја има залеано како што е пропишано, дали во саксијата уфрлил грст гранули со вештачко ѓубриво и хранливи состојки за поттикнување на растењето и развојот на госпоѓата, типот, имено, е слободен да комуницира со мене, тоа дури и му е обврска, има лилава вратоврска и жолти мустаќиња кои ги сука додека погледот му шара по листовите хартија испишана со ситни букви, Дали разбравте како функционира ова?, прашува тој, Разбрав, одговорам питомо, Најважно е, значи, на поставените прашања да одговорате со да или не, што е констатација за која сметав дека нема потреба од одговорот, Разбравте ли?, сепак инсистира тој, Разбрав, Можеме ли тогаш да почнеме?, Можеме.

Се викате ли така и така?, Да, Дали сте вработен во издавачко-трговското претпријатие *Профил Интернационал*?, Да, Дали сте распределени на извршувањето на работните задачи на продавач во нашата најголема книжарница?, Сум, Ве молам да одговорате со да или не, Во ред, Дали имате дваесет години работен стаж во нашево претпријатие?, Да, Дали некогаш, кога било, сте отуѓиле една или повеќе книги кои се во сопственост на оваа фирма, било од складот, било од рафтовите во дуќанот?, и нормално дека тука за миг ќе запрам, макар што сум решен да ја зборувам вистината и само висти-

ната, всушност токму поради тоа, мамичето твое да ти го ебам, едното или повеќето мамичиња, било во складот или на рафтовите во дуќанот, помислувам гледајќи го типот кој си го поправа јазолот од лилавата вратоврска, се прашувам дали и онаа стокилашка на својот лаптоп ги регистрира ваквите мисловни излети, дали и тајните на моиве беззаконија, низ зелените и црните жици до нејзиниот екран стасуваат во форма на дијаграми, На ова прашање не можам да одговорам со да или не, му кажувам на типот, но од вас се бара да одговорите токму така, Доколку одговорам токму така, ќе ве доведам во заблуда, Нашава амбиција не е да ги утврдуваме заблудите туку вистината, Вистината, во овој случај, не може да се смести во да или не, Ве уверувм дека може, господине, вистината е секогаш крајно едноставна а работите стануваат сложени само доколку имате намера да лажете, Не дојдов тука за да лажам, ама вие ме терате да го правам тоа, Како јас можам на тоа да ве терам? Ќе лажам доколку ви одговорам со да или не, во овој случај е нужна поширока елаборација, Човеку, на полиграфското испитување ништо не можете да елаборирате пошироко, Тоа е прашање на технологијата, кое мене не ме засега, Јас мислев дека ве засега дури отаде, Не ми се гледа така, тоа што со вас разговарам преку полиграфот не е мојот избор, Ама вие доброволно се согласивте на тоа, Се разбира, бидејќи во спротивно би добил отказ, Тоа не е точно, Дали вие би ги закачиле овие жици врз себе и потоа истото би го потврдиле?, типот тука застанува и почнува малку понервозно да ги сука проѕирните жолтеникави мустаќи, мене ми изгледаше дека лесно би можел и да ги одлепи, речиси секој миг,

што би било голема штета за вкупната физиономија, за потоа значајно да ги крене веќите, Ви имам поставено мошне едноставно прашање, господине, дали некогаш ги имате или немате отуѓувано нашите книги, Се обидувам да ви објаснам дека вистината не е црно-бела туку е составена од нијанси, Кога станува збор за кражбата, нас нијансите не нè интересираат, А за останатото?, Што останатото? Дали кога станува збор за што било друго, нијансите би можеле да ве интересираат?

Како на некој со лилава вратоврска, па уште без полиграф, би можел да му објаснам дека од моето матично претпријатие, во текот на изминативе дваесет години, имам отуѓено стотици и стотици книги, но и дека сите тие книги, откако сум ги прочитал, уредно ги вратив назад на рафтовите, неоштетени, без подвлечените реченици, без крајчињата на страниците, без видливите траги на/од мојата читателска активност, на тоа внимавав особено внимателно, мислам: на тоа, како читател, да бидам што е можно подискретен, дваесет години во себе, – како во контејнер, – интензивно ги трупам книжните содржини, така што во меѓувреме тие станале основен материјал од кој е составен мојот живот, можеби дури и неговата целосна смисла, книгата скришно ја отуѓував на три или на четири дена и после, пак скришно, ја враќав на местото на кое порано си беше изложена, некои од тие книги умеев со восхит да ги конзумирам за само една ноќ, а многуте од нив и по неколку пати, многубројните нивни фрагменти се имаат врежано во мојот ум толку длабоко што наизуст би можел да ги изговорам во кое било време, како тие странички

да се имаат залепено за мене-контејнерот а потоа и се распределиле во вид на мојава внатрешна амбалажа за да ме штитат од надворешните непогоди, во текот на изминативе дваесет години не минал ниту еден божји ден без некоја книга – чијшто номинален сопственик е моето матично претпријатие – да не ми се насмевнува од мојата наткасна или од полицата до фотелјата, еве и сега е таму последниот роман на Сарамаго, макар што тоа излезе прилично разочарување, ниту поштук од некои од поранешните дела на Португалецот кои ги исчекував и ги голтав со страст, ова е претрупано со тажникави клишеа и има вкус на засладениот чај од боливач, како и да е, во текот на сите тие дваесет години читањето на туѓите книги не само што не ми здодеа, туку, со текот на времето, страста во мене ја зголемуваше до таа мера што станав некој вид зависник, постојано ме следи некое нејасно, но силно чувство дека – без новата порција отпечатен слог што ќе ја внесам во себе – јас ќе цркнам во неописливи маки, повеќе пати ми беа нудени полесни и подобро платени работни места кои редовно ги одбивав сметајќи дека парите не можат да ми ја надоместат можноста секојдневно да ја задоволувам својата слабост, со прстот да поминувам врз грбовите на книгите и да се чувствувам како сладострасник во раскошниот бордел, меѓутоа проблемот е создаден сега, бидејќи тој Сарамаго веќе не можам да го вратам, сега би се изложил себеси на ризикот да бидам фатен на дело доколку се обидам книгата да му ја доставам назад на изворниот сопственик, то ест на мојава матична фирма, по кражбата на поголемо количество книги отуѓени од складот од страна на непознатите сторите-

ли таму се воведени ригорозни контролни мерки, околу влезот се маткаат избричените ликови со грбовите на ракавите од џемперите, камери, сензори, магнетни картички, во функција се ставени сите технички и човечки ресурси а потоа ја донеле и одлуката вработените да ги тестираат на детекторот за лаги, за непознатите сторители да ги разобличат и да ги направат познати, весниците за да донесат интригантни извештаи, интонирани воглавно позитивно, ете како успешните компании самостојно ги решаваат сопствените проблеми, ете како и кај нас се воведува практиката која на Развиениот Запад веќе станала вообичаена, ете како претприемачкиот дух умее да се брани од штетниците и од моралноизопаченото однесување, ете како работната сила успешно се селекционира и се доведува на високо рамниште на пазарните норми, портпаролот на издавачката куќа *Профил Интернационал*, кој и самиот јавно се претставува како писател, свечено објавил дека, со оваа постапка, ничии човекови права не се загрозуваат, бидејќи полиграфското испитување се спроведува со пишана согласност на тие што ќе бидат испитувани, логично ги премолчил заканите со отказите, а не појаснил ниту дали во корпусот на човековите права влегува и човековото право да лаже, или да се воздржи од искреноста, колку што мене ми е познато не постои ниту еден позитивен правен пропис кој човечките суштества би ги обврзувал секогаш да ја зборуваат вистината, освен религиските и моралните усилби кои по правило се лажни сами по себе и кои во името на светите идеали секогаш тежнеат кон крвопролевањето, Зарем вие на ова не сте се согласиле доброволно?, надуено ме про-

воцира типот, поради што чувствувам силен нагон да го ѕвекнам среде мустаќињата со боја на боливачот на Португалецот, но тоа баш и не можам да си го дозволам, бидејќи, како што веќе реков, десницата ми е заробена од врзопот зелени и црни жички.

Вам нормално ви е ова што го правите?, го прашувам фиксирајќи му ја челната коска, Што тука вам не ви се гледа нормално?, се прави тој наивен, Не ми се гледа нормално кога станува нормално некоја компанија најнормално да ги презема овластувањата кои во нормалните околности ѝ припаѓаат на полицијата и на останатите органи на репресијата, а и тие нив ги користат само врз веројатните злосторници, А вие мислите дека овие околности не се нормални?, Не, туку мислам дека не е нормално тоа што тие стануваат нормални, Што сакате да кажете?, Сакам да кажам дека моето видување на ненормалното е, веќе сега, категорија од минато време, така што, како видување, веќе и не е важно, подобро кажано не е нормално, Простете, јас вас ништо не ве разбирам, Тоа е затоа што сте свикнале да ви одговораат со да или не, Сеедно, јас ве уверувам дека, во оваа работа, компанијата строго се држи до законот, макар што не сум должен тоа да ви го објаснувам Вам, Тоа мене ми е јасно, дека вие строго се држите до насилството, Вам законите и насилството ви се едно исто?, Во овој случај се исто, најточно би било да се зборува за насилството на законот, Што тоа воопшто значи?, Значи дека вие посегнувате по законот додека законот посегнува по мене, и тоа во пределот на вратот, а си ја земам слободата тоа да го доживувам како атака врз моето дишење,

Ние вас не ве изложуваме на какво било насилство, господине, ова е рутинска постапка во која очекуваме од вас да ја дознаеме вистината, Ако смеам да забележам, најнасилниот дел од овој чин е токму неговата рутина, Гледам дека вам ви е намерата да создавате ексцес и конфузија, така што е подобро со ова да прекинеме и веќе да не губиме време, Да, времето е драгоцено, бидејќи морате да ги испрашате и останатите сомнителни лица, Господине, ние овде не разговараме со сомнителните лица туку со вработените, Доколку нема разлика меѓу бизнис-компанијата и полицијата, тоа е затоа што нема разлика меѓу вработените и сомнителните, работниците се маса со сериозен криминален потенцијал, а ако подобро размислам, што на типот се разбира не му го кажувам, туку за тоа мислам само илегално, изгледа дека ние стануваме сомнителни веќе со раѓањето, па тоа, малку по малку, веќе почнува да станува дури и прашање на нашиот човечки род, на свет си доаѓаме како фактите кои треба да се надгледуваат, тестираат, класификуваат, та целесообразно да се употребуваат или отфрлаат, животот си го преземаме без да сме негови сопственици, човекот е претворен во сомнителен до таа мерка што хуманоста сама по себе претставува опасна девијација, за што резигнирано пишувал и Агамбен, чијашто книшка исто така ја имав отуѓено и двапати ја прочитав, а на свој начин за тоа зборувал и Португалецот во фазата пред да почне да го цеди засладениот боливач, Зошто компанијата не би можела самостојно да ја спроведува истрагата ако книгите ни се украдени нам?, гласно се чуди типот, мамичето да ти го ебам, мамичето да ти го ебам, размислувам колку да

го тестирам начинот на кој детективски програмираната машина реагира на зломисла, што е доста наивно, бидејќи јас сум тука тој што мора да биде тестиран, ме забавува мислата дека простотилаците на екранот се регистрираат во вид на дијаграми, можноста неизговорените пцости електронски да се материјализираат во различни бои, мамичето лилаво да ти го ебам, ако моево матично претпријатие има право полиграфски да ме третира мене, останува само прашање на време кога ќе има право да ми одредува и што ќе јадам и пијам, каква долна облека ќе носам, за што ќе сонувам и, особено, за што ќе мислам, а доколку не пијам и не мислам согласно со пропишаните правила, ќе бидам изложен на тешки санкции, ќе носам чорапи и гаќи со логотипот на фирмата *Профил Интернационал*, или тој логотип можеби ќе ми го тетовираат на подлактицата, за да можам да ги уживам работните погодности во фирмата *Профил Интернационал*, ќе треба строго да се профилирам, да ти го ебам тиркизносиното мамиче, меѓутоа, онаа стокилашка не се поместува од пред екранот, ниту со трепката не дава до знаење дека на тој екран се случуваат што-годе вознемирувачки нешта, таа се вкопала како филодендрон во саксијата и сосема е отпорна на моите жичени надразби, така што престанувам со мисловните лудории и уште си упатувам строга забелешка, кому ти му го ебеш мамичето, глуп, кога системот те прца директно во мозокот, преку зелените и црните жички, лилавата вратоврска и еден подвижен лаптоп со неподвижните корисници, Не можете да негирате дека книгите навистина се испокрадени и дека ние сме обврзани да реагираме на таа вонредна ситуација,

сега типот се огласува со нешто поостар тон, Зарем не рековте дека оваа постапка е рутинска?, Постапката си е рутинска во склоп на исклучителните околности, Исклучителните околности ѝ служат за да се создаде новата рутина, ја овозможуваат нормализацијата на исклучоците, дотолку е подобро тие да настапуваат што е можно почесто, врзан поп - мирно село, Оваа компанија не врзува попови, господине, туку настојува да ги открие тие кои ја крадат, ја имаме одговорноста и сите овластувања за да се заштитуваме од ваквите загрози, Да, си мрморам јас во брадата, суверенот е тој што ја има моќта да прогласува вонредна состојба, а во себе си додавам дека е најдоходно кога вонредната состојба никогаш не престанува, тогаш вонредната состојба е навистина вонредна состојба, Што рековте?, Не го реков тоа јас туку господинот Шмит, Кој?, Господинот Шмит, постојано се мотка долу во книжарницата, четвртиот ред на рафтовите, лево од влезот, на што типот бледо ме погледна, та јас само мавнав со левата безжичена рака, Еден љубител на нацисти, носеше вратоврска слична на вашата.

Господинот Шмит се имаше опсенато одненадеж и кога пред некои два дена јас зборував со Господинот писател, вистина не по моја иницијатива туку откако мојот соговорник го имаше спомнато, инаку тој соговорник редовно наминува во нашава книжарница и речиси секој пат угодно ќе си помуабетевме за сенешто, слободно може да се каже дека тој си е интелектуалната ѕвезда на нашава издавачка куќа, згора на тоа и угледен колумнист во весниците, еден од онаа сорта за која се верува дека претставува морална совест на

општеството, нагласено се трудиме неговите книги да ги изложуваме на највидните места, така што посетителите и можните купувачи не можат да ги заобиколат, дотолку повеќе што господинот писател нас нè посетува почесто отколку сите други, живо се интересира за сите нови изданија, сака да е во тек со литерарните трендови и актуелности на полето на ангажираната хуманистика, ме потпрашува за штотуку набавените наслови и за тие што допрва треба да се појават, ама окцето секогаш му погледнува накај неговите книги и нивниот стратешки распоред низ нашиот продажен центар, погледнува кој запира кај нив, кој ги превртува низ рацете или ги прелистува, кога некој ќе покаже соодветен интерес за неговото дело, обемните темни подочници редовно му подзатреперуваат, тогаш, за да го подзатскрие интензивното чувство на угодност, со раката поминува преку тилот со подразредената коса, воглавно не беше ниту малку необично кога му пристапив и му се обратив како на близок, Господине писател, всушност го ословив само со презимето коешто овде свесно не го наведувам, ако се решив да ја зборувам вистината и само вистината тоа не значи дека ќе заталкам и во срамните води на поткажувањето, Господине писател, Вам Ви се познати најновите настани во нашава издавачка куќа?, Мислите на она што пишуваше во весниците, на онаа свинштина со детекторот за лаги?, Да, мислам на тоа, Тоа е апсолутно страшно, немам зборови за да го искажам своето згрозување, за веднаш, проследен со моево одобрувачко кимнување со главата, да го одржи и краткиот трактат за тоа дека во секој миг и на секое место сите сме изложени на ригорозни

надзорни мерки, дека не заскокнуваат со видеокамерите и со сензорите, од сите делови од телото ни земаат биометриски податоци и отпечатоци, ни ги издаваат матичните броеви со помош на кои можат да влегуваат во нашите банковни сметки и здравствените картони, кредитните картички, и мобилните телефони ич да не ги спомнуваме, да не го спомнуваме ниту директниот увид во нашава приватна кореспонденција преку таканаречените отворени мрежи, полиграфот е само еден од елементите во грозоморниот мозаик, нашата слобода е сведена на тетеравење од еден до друг надзорен пункт, Човекот повеќе не го доживуваат како носител на персоналитетот туку како носител на закана, кажа Господинот писател и траурно додаде, Некогашниот ограничен простор на логорот денес се престорил во самиот центар на градот и станал наше животно опкружување, при што Господинот писател целосно се имаше потпрено на Вирилиј, поточно кажано, буквално го имаше цитирано, не сметајќи притоа за потребно да му го спомне името, а јас од своја страна сметав за неумесно да му обрнувам внимание на тоа и да го доведувам во непријатна ситуација, за признатиот писател ќе беше декомодирачки да дознае оти разговара со обичен продавач во книжарницата кому Вирилиј не му е непознат, и тоа во мигот додека истиот тој продавач во тајност го користи истиот тој Вирилиј, бидејќи јас тој Вирилиј го имав здиплено, исто така скришно, од своето матично претпријатие и го голтнав со огромно задоволство, што не е причина Вирилиј сега да ми послужи за да го повредам чувствителното его на писателот, Најпокорно е општеството во кое секој си има статус на сомнителен,

кажа тој, Тогаш издавачката куќа која ги објавува вашите книги е веќе солидно напредната тиранија, забележав со извесна доза на претпазливост, ама изгледа дека тој не ме слушна, бидејќи ја продолжи истата мисла, А уште е полошо што произлегува дека таа позиција на сомнителен е резултат на демократската процедура и на слободниот избор, Во мојот случај прашањето се сведува само на тоа кој тип пораз слободно ќе си го изберам, На што конкретно мислите?, Ако одбијам да се однесувам како сомнителен, то ест ако го одбијам полиграфското тестирање, тие ќе ми дадат отказ и ќе ме лишат од приходот од кој живеам, а не му ни спомнав дека би ме лишиле и од можноста на редовно читање книги, што е за мене неподнослива мисла, многу полоша од губење работа и дребулијата каква што е социјалната безбедност, на овие години да ме осудат на јавните библиотеки кои новите наслови ги добиваат со задоцнување од две или три години е нешто што мојот зависнички ум одвај може да го поими, од друга страна, кажав, Побуната се гледа како единственото чесно решение, но нејзе добро би ѝ дошла јавната поддршка, мојот глас ја нема силата на јавниот протест, тој бездруго не би се покажал доволен за каков било позитивен исход, гласот на малиот човек се слуша во распон од овој рафт до онаа таму каса, на што угледниот Господин писател и угледен колумнист знаковито ја накриви главата, Па што имате намера да сторите?, Во овој момент вистинското прашање не е тоа, Туку кое е?, Вистинското прашање е што имате намера да сторите вие?

Тогаш Господинот писател, кому обравчињата бегло

му се зацрвенеа, најљубезно ми објасни дека самиот тој не може да стори ништо, бидејќи не е во можност, за жал, би било самоубиствено на јавната критика да ѝ го изложи издавачкото претпријатие кое ги печати неговите книги и, би можело дури да се рече, ја управува неговата кариера, макар што нему лично не му е до кариерата и до статусот туку до принципите, но позицијата да се бориш за принципите ја стекнуваш дури откако претходно ќе се здобиеш со одреден статус, во мигот тоа би бил директен конфликт на интереси, социјална стапица за глувци, јамка околу вратот, Всушност, мојава ситуација и не се разликува од вашата, Освен што вас не ве тераат на полиграфските понижувања, Тоа е само прашање на деталите, А вашите колеги?, Кои колеги?, Писателите кои објавуваат во другите издавачки куќи, И тие се исто така зависни од овој трговски ланец, кој би можел да поднесе книгите да му се изместат од рафтовите, Зарем не би можеле?, Зарем би можеле?, Сакате да кажете дека и тие имаат јамка околу вратот?, Приближно, Не е лесно да се пишува со таквата вратоврска, Верувајте дека не е, од високо се насмевна Господинот писател, а потоа ми кажа дека сопственикот на нашето претпријатие и тој се врзани со долгогодишното познанство и дека дури би можел да го смета за личен пријател, човекот е според неговото лично мислење мошне култивирана личност со докажани хуманистички гледања, така што актуелните настани нему му се гледаат малку бизарни, како некој случаен дефект, необјаснива аномалија, печатна грешка во ракописот, Вие него го познавате?, Во изминативе дваесет години доста пати го имам сретнато на поминување, И каков ви се гледа